Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник“ на Република Македонија број 72/07, 5/09, 43/14, 193/15и 39/16), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руалниот развој го објавува следниот

**Ј А В Е Н П О В И К б р . 2 / 2 0 1 8**
**за доставување на барања за исплата на средства од Програма за финансиска поддршка во рибарстовото и аквакултурата за 2018 година**

## I. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка за потточките од следните мерки:

| *Мерка2* | *Финансиска поддршка во аквакултурата* | *Максимална вредност на прифатливи трошоци* |
|---|---|---|
| Потточка 2.2 | Финансиска поддршка за порибителен материјал | - **до 300.000,00 денари по корисник**<br>- **40% од вредноста на набавениот или сопствениот подмладок** |
| Потточка 2.3 | Финансиска поддршка за произведена и продадена риба на пазарот | - **20,00 денари /кгр** |

## II. ПРАВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА

Право на користење на средства по потточките имаат:

| *Субјекти* | *Потточка* |
|---|---|
| • Субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет и да немаат увезено порибителен материјал и жива риба во периодот декември 2017 - декември 2018 година за сопствено насадување на рибникот<br>• **За набавен подмладок,** субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и имаат купено подмладок од субјекти кои поседуваат дозвола за производство на порибителен материјал од рибник наменет за промет. | 2.2 |
| • Субјекти кои се регистрирани за дејност аквакултура и се запишани во регистарот на одгледувачи на риби што се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и немаат увезено порибителен материјал и жива риба во периодот Декември 2017–Декември 2018 година од видот риба за која бараат финансиска поддршка. | 2.3 |

## III. ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Средствата од потточка 2.2. се наменети за набавка на порибителен материјал за насадување на рибниците во период од 01 февруари до 30 септември 2018 година.
Средствата од потточка 2.3. се наменети за произведена и продадена риба во периодот од 1 ноември 2017 година до 31 октомври 2018 година.

Средствата од потточка 2.3. се исплаќаат скалесто и тоа:

- за килограм произведена и продадена риба во рибник до 25 000 килограми - 100 % од 20,00 денари,
- за килограм произведена и продадена риба од 25 000 до 50 000 килограми - 75 % од 20,00 денари,
- за килограм произведена и продадена риба во рибник од 50 000 до 100 000 килограми - 50 % од 20,00 денари и
- закилограм произведена и продадена риба во рибник со над 100 000 килограми 25 % од 20,00 денари.

Висината на вредноста на поддршката за килограм произведена и продадена риба ќе изнесува 20,00 денари по килограм.

## IV. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА

Барањата за пооделна потточка се доставуваат во оригален примерок.

Условите кои треба да ги исполнуваат барателите на средства се утврдени во Програмата за финансиска поддршка во рибарстовото и аквакултурата за 2018 година („Службен весник на РМ“, бр. 4/2018 и 127/2018).

**Доколку до Агенцијата се поднесат повеќе барања отколку што има расположливи средства согласно Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2018 година, Агенцијата ќе им даде предност на оние баратели кои го поднеле своето барање порано од останатите.**

## V. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Обрасците „Барање за исплата” со листата на потребни документи и Упатството за корисници може да се подигне на веб страната на Агенцијатаwww.ipardpa.gov.mk.

Горенаведените обрасци може да се подигнат и директно во Агенцијата секој работен ден од 8:30 до 16:30 часотна адреса:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**бул. „ 3-та Македонска бригада“ бр.20**
**(зграда на Македонија Табак блок Ц )**
**1000 Скопје**

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Пополнетите барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка во рибарстовото и аквакултурата за 2018 година заедно со целокупната потребна документација се доставуваат на македонски јазик во затворен ковертна кој на предната страна во горниот лев агол стои ознаката “НЕ ОТВОРАЈ“, за Јавен повик број 02/2018 и

назначување на шифрата на потточката за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по пошта или лично во писарницата на Агенцијата
Доколку ковертот не е обележан како што се бара, Агенцијата не превзема одговорност за ненавремено и некомплетно пристигнување во писарницата или предвремено отворање на барањето.

**Краен рок за доставување на барањата за исплата на средства:**
**1. За потточка 2.2**
- за насадување на рибниците во период од 01 февруари до 31 мај 2018 година и 01 јули до 30 септември 2018 година, краен рок е **27 декември 2018 година.**

**2.За потточка 2.3**
- за произведена риба која е продадена во периодот од 1 ноември 2017 година до 31 октомви 2018 година, краен рок е **27 декември 2018 година.**

**Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-450 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk или www.pa.gov.mk.


Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на исплата.

Телефон: **02 3097 - 450**, секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот.

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk